

# ВЕЛИЧКОВСКИ VELIČKOVSKI



*Цветови II 1994*



*Пробив на светлината – Дојран 1992*



*Дојранско интермецо 1992*

## ЕКСПРЕСИИ ПО ПРИРОДА НА ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ

Сликарскиот темперамент на Владимир Величковски (1949) е екстатичен. Неговите слики се исликани со робусна емоција, која се извишува до крик, уривајќи го межникот меѓу хармонизираната радост на тивкото но длабоко естетско задоволство и ураганот на страста од допирот со боите. ЕКСПРЕСИИТЕ ПО ПРИРОДА на Величковски се жестоки илуминациски блесоци, кои не претставуваат никаков мимезис на надворешната реалност. Се прашуваме дали и самиот сликар, што е наш еминентен ликовен критичар, не се послужил со насловот на оваа своја изложба како со еден вид "лукавство" за да не заведе. Но не е така, бидејќи неговиот наслов е извонредно асоцијативно прецизен:ликовниот предмет на сликите на Величковски - природата, е поставен во зоната психичката и психолошката експресија. Со други зборови, тој е интровертиран, преобразен. Сликите на Владимир Величковски се ментални, а не дескриптивни записи за природата. Се добива впечаток дека тие се претходно видени и дека глетката на пејсажот нив само ги иницира да се појават со удвоен и утроен блесок однатре. Само така може кај овој сликар да се објасни преголемата возбуда од некој предел или некој негов детал: езеро, дрвја, гранки, рид итн. Тој пејсаж кај Величковски сликарски се дефинира не со неговиот реалистички, туку со неговиот имагинарен и длабок психолошки опцрт. Тој е еден вид хипостаза на боите од кои е исткаена огромната слика на природата. Таа пак хипостаза е зашеметувачки сетилна и, како што веќе констатиравме, звуковно издигната до нивото на крикот. Но тоа не Мунковиот крик на стравот, туку крикот на битието восхитено од сета величенственост на боите. Се добива впечаток дека за Владимир Величковски светот е еден вид обоена екстаза. Ако се бараат неговите угледувања или инспиративни сликарски извори, нив ќе ги најдеме кај некои постимпресионисти и експресионисти, кај кои е исто така нагласен екстатичниот допир со бојата и светлината: Бонар, Ван Гог, Сутин, Руо и некои други. Станува збор не за миметичко угледување, туку за суштинско препознавање, за тип на сликарско доживување и формулирање на експресијата, во која светот што го опкружува сликарот за него претставува ментална, психолошка, а не објективна содржина. На сликите на Владимир Величковски, имено, тоа е особено видливо на еден убедлив, сликарски сугестивен начин. ЕКПРЕСИИТЕ ПО ПРОРОДА на овој сликар се вистинска, возбудлива лирика на душата што е восхитена и која, посегајќи кон своите ликовни експресии по природа, посега кон ментална, ликовна интерпретација на загубениот Еден.

Ефтим Клетников



*Експанзија во црвено 1994*



*Поглед на Канео 1993*



*Од бавчата на Јордан I 1992*

THE EXPRESSIONS FROM NATURE BY VLADIMIR VELIČKOVSKI

Vladimir Veličkovski's painting temperament is ecstatic, his paintings are painted with robust emotion that rises into a cry, ringing down the line between the harmonized joy of the subdued but deep aesthetic pleasure and hurricane of passion from the touch of the colors. Veličkovski's EXPRESSIONS FROM NATURE are furious illumination glows, that do not present a resemblance of the outside reality. We ask ourselves whether the author of the exhibition, who is an eminent art critic, did he not use the title of the show as a "shrewdness" in order to seduce and to mislead us. No, it is not so, because the title is especially associative, precise:the plastic subject on Veličkovski's paintings - the nature - is set in the zone of the psyche and psychological expression. In other words, he is introverted, transformed. Vladimir Veličkovski's paintings are mental, not descriptive notes of nature. There is an impression that they were previously seen and that the sight of the landscape only initiates them to appear in a double and triple glow from the inside. This is the only way that we can explain the painters extensive emotion brought about from a landscape, or some detail:a lake, trees, branches, a slope etc. Veličkovski's landscape is defined not with its realism, but with its imaginery and deep physiologic outline. It is some kind of a hypostasis of the colors, from which the large painting of nature is woven. The hypostasis is dazzling light, and as we conclu ded, the tone risen to the level of the scream but not like Munch's "Cry" of fear, but the scream of the essence, rapt from the entire greatness of the colors. An impression is given that the world is a colored ecstasy for Vladimir Veličkovski. If we search for his sources of inspiration we will find them in some of the postimpressionists and the expressionists where likewise the ecstatic touch with colors and light are stressed: Bonnard, Van Gogh, Soutine, Rouault and some others. This is not a mimetic model, but an essential recognition, a type of a painting experience and formulation of the expression, in which the world that surrounds the painter, for him is a mental, psychological and objective content. Namely, on the paintings of Vladimir Veličkovski they are especially evident in a suggestive manner. THE EXPRESSIONS OF NATURE by this painter are real, thrilling lyrics of the soul, that is excited and seizing out towards the plastic expressions of nature, reaching out towards the mental plastic interpretation of the lost Eden.

Eftim Kletnikov

translated into English by J. Čokreska Filip





*Чардак во Вељуса 1993*

*Мотив од Галичник 1992*







*Визија во жолто 1994*

*Допир на светлината 1994*

*Цветови I 1994*

*Пат на светлината – Интима 1994*



*Танц 1972*

ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ (Скопје, 7. мај 1949) Завршил Филозофски факултет во Скопје. Магистрирал истори ја на модерната уметност во Белград. Од 1973 год. се занимава со пишување за ликовната уметност (критики, есеи и студии). Автор е на повеќе тематски изложби и монографии. Самостојно излагал во Скопје (1970 и 1974), Охрид(1993) и Струга(1994). Член е на AICA (Интернационална асоцијација на ликовни критичари) и на ДЛУПУМ (како ликовен критичар).

VLADIMIR VELIČKOVSKI (Skopje, 7. maj 1949) Graduated from the Faculty of Philosophy in Skopje. Master of Arts at the University in Belgrade. Writes about the plastic arts since 1973 (critics, essays, studies). Is the author of several exhibitions and monographies. Has had one man exhibitions in Skopje (1970 and 1974), Ohrid (1993) and Struga(1994). Member of AICA (International Association of Art Critics) and DLUPUM (as a art critic).

ВИБРАНТНОСТ И ПРОТКАЈУВАЊЕ

Вообичаено е да уметникот, според одредени мислења и во различни фази и периоди, користи исти формални елементи. Усовршувањето на техниката (масло врз платно и др) значи можност за разработување и посоодветно изразување на за мислата. Тоа што му дава печат на едно дело (континуитет и препознатливост) е сензибилитетот на уметникот, неговите севкупни сознанија. Во сликата на најнепосреден начин се отсликува уметничкатата душа, преку раката и четката се обликуваат најскриените вибрации. Бојата е средство, медиум во кој се изразува чулната сензација, експресивната содржина која се раѓа од дамарите на битието што е предиспонирано. Кривата линија и интензивниот колоритсе потврдуваат низ биоморфната ракописна форма, осмислена низ инамично вознемирени структури. Пределот како визуелна сензација е повод, тој предизвикува посебно доживување, но во конечната артикулација уделот на внатрешниот порив и експресивност секогаш превладува. Сликата е плод на ослободувањето на внатрешните енергии и емоции, кои се непредвидливи и неочекувани во својот наплив. Сликата е материјализација на знаци и шифри кои се амал гам на перцептивното и сеопфатната "состојба на субјектот", како рамноправни компоненти на реалноста (полуфигуративни, асоцијативни и експресивни форми, еротски, симболички и други содржини). Сликата е неодделива од личноста, од физичкото битие на уметникот и неговите внатрешни, психолошки причини. Таа е резултат на силовито емотивно празнење, чист чин на егзистенција. Љубовта спрема сликарскиот објект и бојата едновремено значи и љубов во однос на одредени луѓе и нешта во животот.

Авторот





*Мотив од Свети Јоаким Осоговски 1992* *Од бавчата кај Јордан II 1992*



Мотив од Вељуса 1993

**НАРОДЕН МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА СТРУГА**
**АВГУСТ 1994 ГОДИНА**

**Финансирање:**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**спонзор:**
**НИП „НОВА МАКЕДОНИЈА“**
**50 ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО**

Издавач: Народен музеј Струга
За издавачот: Ристо Танески
Уредник: Димитрие Дурацовски

Ликовно-техничко уредување: Ладислав Цветковски
Фотографии: Живко Јаневски
Печат: НИП „Нова Македонија“ – Скопје
Тираж: 400 примероци